Бр./Nr 12-1330/6
16-10-2025 г./v.

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 23-тата седница одржана на 13.10.2025 година ја донесе следната

## О Д Л У К А

Постапката по предметот број 12-1330/1 од 16.04.2025 година, оформен по пријава во која се изнесени наводи во врска со непочитување на стандарди при реконструкција и санација на спортско игралиште во населба Н--------, **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека нема елементи за натамошно постапување по предметот, за предметниот случај постапиле други надлежни органи.

Предметот со број 12-1330/1 од 16.04.2025 година да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Од страна на непознат подносител, преку електронска пошта, на ден 16.04.2025 година, поднесена е пријава во која се изнесени наводи во врска со непочитување на стандарди при реконструкција и санација на спортско игралиште во населба ----------- и оформен е предмет број 12-1330/1 од 16.04.2025 година.

Изнесените наводи во пријавата се однесуваат на тоа дека посоченото спортско игралиште се реконструирало со буџетски средства од Општина -------- и за кој проект била спроведена постапка за јавна набавка бр.-----/2023 и бил склучен Договор за јавна набавка на работи за Реконструкција и санација на спортски игралишта на територијата на Општина ------- помеѓу договорните страни Општина ------- и Друштво за градежништво, трговија на големо и мало увоз-

извоз ------ Скопје, а кое игралиште не било реконструирано согласно стандардите и нормативите пропишани во предметниот договор.

Заради проверка на наводите и утврдување на фактичката состојба во пријавениот случај, ДКСК достави барање за прибирање информации до Општина ------- и до Јавното обвинителство на Република Северна Македонија.

Добиени се бараните информации и од увидот во прибавената документација утврдена е следната фактичка состојба:
Од страна на Општина ------ бил објавен Јавен оглас на набавка за Реконструкција и санација на спортски игралишта на територија на Општина ------- која е со општи ставки во предмер пресметката.
По завршувањето на тендерската постапка Општина ------ склучила Договор бр.-----/1 од 09.01.2025 година со фирма изведувач Друштво за градежништво, трговија на големо и мало ------- Скопје, во чиј составен дел е наведен предмер на работите, со точно утврдени цени за секоја ставка поединечно. По склучување на договорот, бил известен надзорниот орган Друштво за градежништво и услуги ----------- ДООЕЛ Скопје со доставено Известување бр.----/4 од 29.01.2024 година заради вршење на стручен надзор за Реконструкција и санација на спортски игралишта на територија на Општина ------, согласно склучениот договор -----/1 од 09.01.2024 година и била извршена активност за воведување во работа на ден 09.02.2024 година.

Согласно потребите и приоритетите на Општината даден бил налог за работа бр.----/2 од 12.02.2024 година за вршење на Реконструкција на игралиште во ------, Општина ------ согласно основен проект за реконструкција со тех.бр. ОП --/23 од 2023 година, изработен од Друшво за проектирање, инженеринг, трговија и услуги --------- ДООЕЛ Скопје.
Проектот бил ревидиран од страна на Друштво за проектирање, инженеринг, консалтинг „----------, подружница -------- ДОО Скопје", со Лиценца Б за ревизија на проектна документација за градби од втора категорија со број Р.---/Б со ревидентски извештај тех.број:---/23 година.
По завршувањето на градежните работи до Општина ------ била доставена времена ситуација за целосно извршени работи за предметното игралиште и истото е потврдено од надзорниот орган и евидентирано во градежна книга и градежен дневник, потпишани од инжинерот за изведба и надзорниот инженер.

Во Основното јавно обвинителство Скопје оформен е предмет под број РО бр.---/25, по поднесена друга пријава за започната реконструкција на спортското игралиште во населба ------, а кои што се однесува за непочитување на стандарди при реконструкција и санација на истото, спроведена е постапка за прибирање на потребната документација по што е утврдено дека нема основ за јавнообвинителско постапување во врска со пријавата, поради што донесена е Резолуција XLVIII РО бр.---/25 од 26.06.2025 година дека нема место за јавно-обвинителско постапување.

Врз основа на наведеното ДКСК утврди дека, нема елементи за натамошно постапување, од причина што за конкретниот случај постапиле други надлежни органи кои не констатирале неправилности при реконструкцијата и санацијата на спортското игралиште и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Заменик – претседател

м-р Цвета Ристовска

Изготвил: м-р Ф.О., Советник
Контролирал: м-р К.З., Раководител на одделение
Согласен: м-р И.П., Раководител на сектор
Одобрил: м-р Б.К.Ш., Член на ДКСК